

# ДигИн – Дигитализација и инклузивно образование: никој да не заостане во дигиталната ера

DigIn
Digitalisation and Inclusive Education

**Билтен бр. 3**

Мај, 2023

## Проектните резултати се готови и достапни онлајн!

Преку зајакнување на вештините на наставниците од различни возрасни групи и различни видови на училишта, а кои се дел од инклузивното дигитално образование, односно преку нивното оснажување и професионално усовршување, се надеваме дека ќе го зголемиме учеството на учениците со попреченост во дигиталното образование.

За таа цел, создадовме неколку продукти наменети за наставници:

- Масивен отворен онлајн курс за наставници: „Дигитализација и инклузивно образование" – Курс ДигИн
- Инклузивно дигитално образование: Прирачник со примери од праксата
- Две чек-листи: "In-Check" и "To-Check"

Продуктите се достапни на англиски, германски, италијански и македонски јазик преку веб-страницата на проектот: https://www.digin-education.at/

## Онлајн курсот ДигИн

Курсот ДигИн е бесплатно достапен на неограничено време на платформата за учење iMooX. Курсот е со отворен пристап и сите заинтересирани можат да пристапат до него во секое време. Курсот содржи пет модули:

1. Основи на Универзалниот дизајн за учење
2. Пристапност и употребливост
3. Асистивни технологи
4. Дигитални технологии за инклузивно образование
5. Социјално и емоционално учење во ИКТ контекст (онлајн)

Петте модули нудат теоретско знаење и практични примери за употребата на дигиталните технологии во инклузивни средини. Исто така, вклучен е и еден модул со дополнителни ресурси.

До курсот се пристапува преку врската: https://imoox.at/course/DigIn

Информации за начинот на регистрација се достапни на врската: https://tinyurl.com/DigInMK

Pädagogische Hochschule Steiermark

PRIVATE PÄDAGOGISCHE HOCHSCHULE AUGUSTINUM

unibz Freie Universität Bozen Libera Università di Bolzano Università Liedia de Bulsan

DUGA DRUŠTVO UJEDINJENIH GRAĐANSKIH AKCIJA

EDUCATION FOR ALL

ООУ ХРИСТИЈАН КАРПОШ КУМАНОВО, МАКЕДОНИЈА



Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

## Чек-листи

Чек-листата за проверка на употребливоста на дигиталните алатки ги насочува наставниците кон правилна евалуација на пристапноста и употребливоста на дигиталните алатки.

Ино(вација)-чек листата им пружа поддршка на наставниците при создавање на инклузивна и пристапна поучувачка средина согласно принципите и начелата на Универзалниот дизајн на учење и поучување (UDL). Исто така, претставува своевиден наставен водич при креирањето и/или изборот на пристапни материјали за учење и поучување.

## Прирачник со примери од пракса

Прирачникот содржи практични примери, совети и препораки како најдобро да се искористи дигиталната технологија во една инклузивна средина при работа со ученици со и без попреченост. Примерите се дело на наставници од Австрија, Босна и Херцеговина, Италија и Северна Македонија.

Прирачникот има за цел да ги инспирира наставниците и да им овозможи да учат од искуствата на нивните колеги од различни држави.

## Публикации

Напишани се и публикации кои ја отсликуваат состојбата со дигиталното инклузивно образование во четирите партнер-држави. Дел од нив се веќе достапни на веб-страницата на проектот.

## Последна транснационална проектна средба во Куманово

На крајот на април 2023 година, се одржа последната проектна средба во Куманово, Република Северна Македонија. Организатор на средбата беше ООУ „Христијан Карпош" – Куманово. За време на дводневната средба се направи рефлексија за проектните активности и цели, а се дискутираше и за последните чекори што треба да се преземат во рамките на проектот.



Лице за контакт за дополнителни информации: Милица Тимчевска и Розита Петринска-Лабудовиќ
е-мејл: contact@educationforall.org.mk Веб-страница на проектот: https://www.digin-education.at/

Овој проект е финансиран со поддршка на Европската комисија. Оваа публикација ги одразува само ставовите на авторите и Комисијата не може да се смета за одговорна за било каква употреба што може да биде направена од информациите што се содржат во истата.

Photo first page: freepik/wavebreakmedia_micro